# ПРЕДЛОГ - ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2019 ГОДИНА

❖ Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 2 |
| 2. | Институционални надлежности | 3 |
| 3. | Мисија | 5 |
| 4. | Визија | 5 |
| 5. | Вредности на инспекциската служба, | 5 |
| 6. | Појдовни основи за подготовка на програмата | 6 |
| 7. | Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор | 6 |
| 8. | Анализа на очекуваната состојба на областа на инспекцискиот надзор | 6 |
| 9. | Дефинирање на ризични области | 7 |
| 10. | Идентификација и утврдување на ризик | 8 |
| 11. | Сложеност на инспекцискиот надзор | 10 |
| 12. | Идентификување субјекти на инспекциски надзор | 11 |
| 13. | План на минимални квантитативни цели, | 11 |
| 14. | Точки изложени на ризик | 12 |
| 15. | Нови мерки за поддршка на реализација на програмата | 14 |
| 16. | Начин на следење и оценување на реализацијата | 14 |
| 17. | Завршен дел | 14 |


Врз основа на член 9 став 2, од Законот за санитарна и здравствена инспекција („Службен весник на РМ" бр.71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 43/14, 144/2014, 51/2015, 150/2015 и 37/2016), член 15 став 1, од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ" бр. 50/10,161/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/2016) и член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011), директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат донесе

# ПРЕДЛОГ - ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2019 ГОДИНА

Предмет на Предлог - Годишната Програма за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат се: институционалните надлежности на ДСЗИ, мисијата, визијата, целите кои треба да се остварат, анализата на очекуваната состојба, дефинирањето на ризичните подрачја, идентификувањето и утврдувањето на ризикот, критериумите за идентификување на субјектите и дефинирањето на сложеноста на инспекцискиот надзор, начинот на следење на реализацијата на програмата, како и активностите кои се спроведуваат од страна на инспекторатот, во различните области од надлежност, а со цел остварување на планираните задачи.

❖ Вовед

Државниот санитарен и здравствен инспекторат е орган во состав на Министерството за здравство, со статус на правно лице и со него раководи директор.

Организацијата на работата и систематизацијата на работните места на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, е уредена со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на ДСЗИ.

Инспекторатот е организиран во пет сектори и три одделенија, непосредно одговорни пред директорот и тоа:

I. Сектор за инспекциски надзор
  - 15 подрачни одделенија со седишта во Скопје (пет), Куманово, Штип, Струмица, Велес, Гевгелија, Прилеп, Битола, Гостивар, Тетово и Охрид;

II. Сектор за стручно-советодавни правни и управни работи со две одделенија:
  - Одделение за правни и управни работи;
  - Одделение за претставки од работен однос и архивско и канцелариско работење;

III. Сектор за аналитика, стратешко планирање и проекти, со двеодделенија:
  - Одделение изработка на извештаите;
  - Одделение за креирање на стратегии и политики и информатичка технологија;

IV. Сектор за стручно советодавни работи од областа на здравствотосо двеодделенија:
  - Одделение стручно советодавни и управни работи од областа на епидемиологијата;
  - Одделение за јавно здравје и правата на пациентите;

V. Сектор за надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба со 2 одделенија:

- Одделение за инспекциски надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба при увоз, производство и внатрешен промет;
- Одделение за анализа на ризик;

Државниот санитарен и здравствен инспекторат како посебни организациски единици, надвор од секторите, има утврдено три одделенија, кои се непосредно одговорни пред директорот и тоа:

i. Одделение за управување со човечки ресурси;

ii. Одделение за финансиски прашања;

iii. Одделение за внатрешна ревизија;

Во моментот на донесувањето на Предлог - Годишната Програма, во инспекторатот се вработени 72 лица, од кои како инспектори кои ќе можат да вршат инспекциски надзори во 2019 година се: 1 помошник главен инспектор, 10 виши инспектори, 16 советници инспектори, 12 помошници инспектори кои беа унапредени во Април 2018 и 1 помлад инспектор. Вкупно 40 инспектори.

Во 2019год. бројот на инспектори кои самостојно ќе вршат инспекциски надзори, е за четири инспектори помал во однос на 2018 година, од причина што д-р Вера Менковска, д-р Неџбудин Керими, д-р Марија Миланова и д-р Дикран Кандикјан се стекнаа со право на пензија, во текот на 2018 год.

Надлежноста за донесување на Годишната Програма за работа, кварталните и месечните планови за инспекциски надзор, како и извештаите од истите, е на директорот на инспекторатот.

❖ Институционални надлежности

Инспекцискиот надзор што го спроведува ДСЗИ, ги опфаќа просторот, објектите, просториите, уредите и опремата, дејностите и лицата кои вршат здравствена дејност, како и лицата кои на било кој начин можат штетно да влијаат врз здравјето на населението.

Во оваа смисла, ДСЗИ има надлежност да врши инспекциски надзор, особено над:

- спроведување на општи и посебни мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите, а по епидемиолошка индикација – кога постои опасност од

причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

- исполнување на условите за вршење на дејност согласно со посебни прописи во објекти од надлежност на инспекторатот;
- дава согласности и мислења во постапка за издавање на одобренија за градба,за изградба на грдби за примарна секундарна и террцијална здравствена заштита како и други согласности и мислења на барање од надлежен орган утврдени со закон или друг пропис;
- остварувањето на правата од здравствената заштита;
- остварување на правата од здравственото осигурување;
- производство и промет на опојни дроги, отрови и прекурзори распоредени согласно со прописите во групата на отрови;
- спроведување на мерките за заштита од штетни материи и влијанија врз здравјето на луѓето;
- санитарно-хигиенските услови во објектите, просторот, просториите, уредите и опремата на лицата кои вршат здравствена дејнсот и дејности во областа на образованиeто, културата, социјаланта заштита, спортот и рекреацијата, јавниот превоз, угостителството, туризмот, трговијата и други стопански гранки;
- лицата кои на работните места со својата здравствена состојба можат да го загрозат здравјето на населението, а по епидемиолошки индикации – кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;
- ексхумацијата и преносот на умрените лица на територија на Република Македонија и преку нејзините граници;
- лицата, стоките и превозните средства на граничните премини, а во врска со заштитата на здравјето на населението од внесувањето и ширењето на заразните болести, како и над увозот на предметите за општа употреба, козметичките производи и опасните материи
- безбедност на на предметите за општа употреба при производство и промет и тоа: детски играчки, козметички производи, суспстанции за производство и амбалажата за тие производи и определени предмети што при употреба доаѓаат во непосреден допир со кожа и слузница;
- инфраструктурните и другите објекти во случај на кризни состојби и други вонредни услови;

- создавањето, селектирањето, пакувањето и одлагањето на медицинскиот отпад;
- заштитата од штетните влијанија на пушењето на тутун и другите производи од тутун;
- вршењето на здравствена дејност согласно со одобрение донесено од надлежен орган;
- вршење на дополнителна дејност согласно со потпишаните договори;
- придржувањето на условите во текот на работењето во поглед на просторот, опремата и кадарот за вршење на определени здравствени дејности;
- распоредот, почетокот и завршувањето на работното време во здравствените установи;
- извршувањето и содржината на систематските и превентивните здравствени прегледи;
- евиденции во областа на здравството;
- општите акти на здравствените установи;
- надзор над спроведувањето на прописите во однос на безбедност на крв;
- надзор над спроведувањето на прописите во однос на прекин на бременост;
- надзор над спроведувањето на прописите во однос на континуирана медицинска едукација;
- надзор над спроведувањето на прописите во однос на јавното здравје;
- надзор над спроведувањето на прописите во однос на менталното здравје;
- назор над спровесувањето на прописите во однос на заштита на права на пациенти

Специфичноста на ДСЗИ се состои во вршење надзор на терен преку редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори во сите видови на здравствени установи во делот на обезбедување на квалитетна здравствена заштита, здравствено осигурување, правата на пациентите, евиденциите во областа на здравството и спроведување на превентивните санитарно - хигиенски, противепидемиски и здравствени мерки, согласно материјалните закони кои се во надлежност на Инспекторатот. Исто така и членување во Комисии, Комитети, Совети кои се формирани во Министерството за здравство и други државни органи, со задачи за

утврдување на услови за отварање на јавни и приватни здравствении установи од сите нивоа на здравствена заштита, учество во изготвување на закони и подзаконски акти, учество во изработка на оперативни планови, учество во оперативниот дел на работата во поединечни проекти кои ги води Министерството за здравство, учество на едукативни обуки и семинари за професионално усовршување, учество во работни групи за подготвувањето на НППА и др.

- Мисија

Основна задача на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, е да организира, следи и врши инспекциски надзор над спроведување на законите и другите прописи од областа на санитарно-хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување, евиденциите во областа на здравството, заштита на правата на пациентите, безбедност во снабдувањето со крв, биомедицинското потпомогнато оплодување, безбедност на детски играчки, козметички средства и предметите за општа употреба, надзор над спроведување на мерките за спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести, со цел заштита на населението од заразни болести.

- Визија

Подобрена санитарно-хигиенска, епидемиолошка, здравствена заштита на населението, остварени права од здравствено осигурување на здравствените осигуреници, намален број на заразни болести, подобрена евиденција во областа на здравството, ефикасени одржлив здравствен систем во Република Македонија, со високо ниво на здравје и здравствена култура кај населението и професионалниот кадар.

- Вредности на инспекциската служба,

Законите и нивното ефективно спроведување помагаат да се заштити јавниот интерес. Законите се одраз на државната политика. Сепак ефективноста и правичноста при нивното спроведување не само што служат во регулирањето на државната политика во битните области, туку исто така градат доверба и сигурност кај граѓаните за владеењето на правото и осигуруваат еднакви услови за натпревар меѓу правните субјекти.

Раководството и вработените во Државниот санитарен и здравствен инспекторат при извршувањето на своите надлежности се водат од веќе воспоставените начела за инспекцискиот надзор и Кодексот на однесувањето на инспекторите, со главна заложба за ефикасно и ефективно контролирање на почитувањето и спроведувањето на законската регулатива која е во надлежност на инспекторатот.

Сето ова се темели на неколку широко прифатени вредности, вклучувајќи ги:

- Здрава популација
- Сигурност
- Партнерство
- Учество на јавноста
- Транспарентност
- Непристрасност
- Објективност
- Законитост
- Општествена одговорност

❖ Појдовни основи за подготовка на програмата

Основите за подготовка на Предлог – Годишната Програма за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат се наоѓаат во законските надлежности на инспекторатот, почитувањето на меѓународно признатите и усвоени стандарди за здравје на популацијата, Годишната програма за работа на Министерството за здравство, како и Одлуката за стратешки приоритети за 2018 година на Владата на РМ, во која е содржан стратешкиот приоритет за „Зголемување на економскиот раст и вработеноста како предуслов за пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, унапредување на квалитетот на здравствените услуги и одржливо финансирање во здравството".

❖ Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор

Целите на ДСЗИ, кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор, вклучуваат:

- Заштита на животот и здравјето на луѓето;
- Унапредување на квалитетот на здравствените услуги;
- Подобрување на санитарно-хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението;
- Унапредување на здравственото осигурување и евиденциите во областа на здравството;

- Заштита на правата на пациентите, биомедицински потпомогнатото оплодување, правата на пациенти по однос на менталното здравје.

❖ Анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор.

Со оглед на фактот што инспекцискиот надзор се врши во повеќе области, за кои е надлежен ДСЗИ, анализата на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор се врши посебно, во зависност од областа.

Анализата на очекуваната состојба во различните области на инспекцискиот надзор за кои е надлежен ДСЗИ е направена врз основа на резултатите од претходните надзори, информациите добиени со размена на податоци и информации со други надлежни институции, стручни мислења за одредени области, увид во евиденција и документација, стратешки оперативни планови и акциони планови за справување со одредени ризици во областите од надлежност на ДСЗИ, анализата на моменталната состојба во соодветната област, како и проценката на ризиците за неприменување на прописите.

Резултатите од претходните надзори се содржани во месечните и кварталните извештаи за работа на секој инспектор во ДСЗИ. Според овие податоци, во првите два квартали од 2018 година, планирани се вкупно 2.919 инспекциски надзори, а реализирани се 3.671. Отстапувањето на бројот на планирани и остварени инспекциски надзори, се должи пред се на значително поголемиот број на реализирани вонредни надзори во однос на планираните (103 планирани, наспроти 575 реализирани), но и на сличен сооднос кај контролните надзори (планирани 173, а реализирани 475) инспекциски надзори. Во истиот период, големиот број на вонредни надзори предизвикал планираните 205 инспекциски мерки, да се реализираат скоро тројно повеќе односно 734 инспекциски мерки. Кај одделни мерки разликите меѓу планираното и реализираното се значителни (пр. решенија – планирани 166/ реализирани 587; едукации – планирани 7/ реализирани 12; покани за порамнување – планирани 19/ реализирани 86; прекршочни пријави – планирани 13/реализирани 49).

Врз основа на годишниот извештај за работа на ДСЗИ за 2017 год, состојба е следна: вкупен број на планирани надзори – 4.884, а реализирани се 5.683 инспекциски надзори. Во 2017 година постои извесно отстапување во бројот на планираните редовни надзори во споредба со реализираните (4344/4220), додека поголема отстапка се јавува кај вонредните надзори (180 планирани/782 реализирани), како и кај контролните (362/862). Во однос пак на инспекциските мерки во 2017 год. состојбата е со слични соодноси. Имено, планирани се 323, а се реализирани 1.090

инспекциски мерки, односно по видови – управни решенија (251/818), едукации (22/53), покани за порамнување (29/130), прекршочни пријави (21/88), кривични пријави (0/1)

Од претходната анализа може да се констастира дека во првите 2 квартали од 2018год. реализирани се многу повеќе надзори и превземени инспекциски мерки споредбено со истиот период од 2017год.

Во областа здравство во 2019 година, како резултат на непочитување на регулативата, можна е појава на одредени заболувања, пред се на инфективни болести и на епидемии, поради неспроведување на вакцинација за одредено заболување, појава на одредени епидемии поради неспроведување на општите превентивни мерки предвидени со Законот за заштита на населението од заразни болести, појава на импортирани заразни болести поради патувањатана граѓаните во ризични подрачја и слично.

Непочитувањето на подзаконските акти од Законот за заштита на населението од заразни болести, може да да предизвика појава на интрахоспитални инфекции при престој во болнички установи. како резултат на непридржувањето на персоналот кон пропишаните процедури и асептични постапки при работа со пациенти, непрописно управување со медицинскиот отпад во здравствените установи, нередовно вршење на бактериолошки мониторинг и здравствено санитарните хигиенски прегледи за вработените во здравствените установи.

❖ Дефинирање на ризични области

Ризичните области, практично произлегуваат од законската регулатива која е во надлежност на ДСЗИ. Ризични области кои ќе бидат предмет на интерес и инспекциски надзор во текот на 2019 година се следните:

- Во областа здравство: болнички здравствени установи од секундарно и терциерно ниво (универзитетски клиники, општи болници, специјални болници и клинички болници), здравствени домови, институти, центри за јавно здравје, вклучително Институт за јавно здравје, ординации, лаборатории, центри за дијализа.

Имено, анализата на резултатите од извештаите од првите два квартала од 2018 година, пред сѐ бројот на преземени инспекциски мерки во јавните и приватни здравствени установи укажува на ризик за појава на неправилности заради непочитување на законската регулатива, конкретно донесени се 361 решение, 2 прекршочни пријави, 16 покани за порамнување и 10 спроведени едукации.

- Во областа образовни и социјални установи: основни и средни училишта, училишни домови, факултети, градинки, детски домови, детски летувалишта, старски домови.

Анализата на резултатите од извештаите од првите два квартала од 2018 година, во оваа област покажува дека во образовните установи, заради одредени недостатоци утврдени при контролите, донесени се 623 решенија и еден објект е затворен.

- Во областа угостителство, хигиенска нега: сместувачки капацитети, хотели, кампови, базени/водени паркови, рекреативни центри, козметички салони, фризерски и берберски студија, фитнес сали и друг вид објекти за нега на тело.

Во оваа област, во првите два квартала од 2018 година, издадени се 83 решенија за отстранување на утврдени недостатоци, затворени се 4 објекти, 6 лица се отстранети заради неизвршени здравствено-хигиенски прегледи и 16 лица отстранети како бацилоносители. Овие резултати укажуваат дека оваа област останува ризична и во 2019 година, поради што ќе се продолжи со редовни и континуирани контроли во објектите. Вообичаено, пред почеток на сезоната ќе се преземат посебни активности и вонредни надзори, во сите туристички центри во државата.

- Област епидемиологија: превентивни мерки за локална самоуправа, комунални претпријатија, акутно труење од храна, клицоносители, надзори при пренос, прекоп и закоп на умрени лица, патници, предмети и средства во меѓународен сообраќај.

Ова е особено ризична област од интерес на ДСЗИ и тоа во повеќе подобласти, вклучително:

- бацилоносители – издадени вкупно 346 решенија за отстранување на бацилоносители; од кои 105 решенија во образование, 217 решенија на вработени во здравствени установи, 16 решенија во угостителски објекти и објекти за хигиенски услуги и рекреација, 7 решенија во објекти за производство и промет на козметички производи детски играчки и предмети за општа употреба.
- имунизација – поведени се 3 постапки за порамнување и поднесени се 8 барања за прекршочна постапка за ХПВ вакцинација, а за останатите вакцини од календарот за задолжителна имунизација поведени се 27 постапки за порамнување и поднесени се 54 барања за прекршочни постапки.

Исто така во текот на целата година ќе се следи состојбата со реализацијата на Годишните превентивни програми на општините и спроведувањето на

превентивните мерките предвидени со закон, преку активностите на Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје, во правец на зачувувањето и подобрувањето на јавно здравствениот систем на државата.

Со анализа на реализацијата на мерките на ниво на општини, од претходната година се прават планови за контроли и задолжувања во наредната година. Во контекс на ова се издадени решенија на локалната власт на сите 84 општини заради спроведување на општите превентивни мерки.

Голем дел од овие податоци не се видливи во кварталните извештаи за работа на секој инспектор, кои се доставуваат до Инспекциски совет, бидејки се водат во управна постапка, но за целосна анализа на ризичните области, тие се земаат во предвид при сумирањето на вкупните резултати.

- Област козметика: објекти за производство на козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба, како и објекти за промет на козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба.

Анализата на податоците од оваа област укажува на можност од појава на ризик, бидејќи при 257 контроли во промет, издадени се 30 решенија за отстранување на недостатоци, а со решение се отстранети и 7 бацилоносители.

❖ Идентификација и утврдување на ризик

Идентификувањето и утврдувањето на ризиците е извршено преку анализа на резултатите од извршените надзори, размена на информации, анализа на извештаите за работата на секој инспектор, добиените резултати од надлежни институции (бацилоносителство, изолати, мостри итн.), добиени стручни мислења за одредени области, актуелни состојби, акциони планови за справување со одредени ризици во областите од надлежност на ДСЗИ.

Согласно законски утврдената Програма за урамнотежен план за постигнувања во јавните здравствени установи, се следи работата на ЈЗУ и усогласеноста на нивното работење со стратешките цели на Република Македонија во областа на здравството, со цел да се овозможи стабилност и развој на здравствениот систем. Во тој правец се воспоставени квартални инспекциски надзори на ЈЗУ. За резултатите од надзорите се изготвуваат квартални извештаи врз основа на кои се прави анализа која претставува појдовна точка при идентификувањето и утврдувањето на ризиците. Исто така согласно утврдената програма за следење на реализација на систематските прегледи на сите вработени лица, ДСЗИ два пати годишно врши инспекциски надзори во здравствените установи кои имаат овластување од Министерство за здравство за

вршење на систематски прегледи, во делот на содржината на извршените прегледи. Извештаите се сумираат и анализираат во ДСЗИ.

Како индикатори при идентификувањето и утврдувањето на ризиците во образовните и социјалните установи се земаат во предвид и надзорите кои се вршат на крајот и пред почетокот на учебната година заради утврдувањето на санитарно-хигиенските и санитарно технички услови во установите.

Во објектите за сместување како детски домови и детски летувалишта, исто така се вршат вонредни надзори пред почеток на сезоната (лето/зима), заради утврдувањето на санитарно-хигиенската состојба.

Како индикатори за утврдувањето на можните ризици,се земении резултатите од претходната година и тоа:

- Број на извршени инспекциски надзори;
- Број на донесени решенија;
- Број на спроведени едукации;
- Број на спроведени постапки за порамнување;
- Број на поднесени прекршочни пријави;
- Број на одговори на претставки, пријави, жалби во првостепена постапка;
- Број на надзори над патници во меѓународен сообраќај;

Како можни ризици се утврдени следните:

- Појава на интрахоспитални инфекции посебно во ризичните оддели во болничките здравствени установи;
- Непрописно управување со медицински отпад во здравствените установи;
- Нередовно спроведување на бактериолошки мониторинг од страна на одговорните лица;
- Нередовно спроведување или неспроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- Појава на заразни болести и епидемии во образовни, социјални и детски установи,
- Небезбедни козметички производи во производство и промет;
- Небезбедни детски играчки во промет;

- Небезбедни води за капење во рекреативни центри, базени , природни води за капење и рекреација;
- Не извршени задолжителни здравствено-хигиенски прегледи;
- Зголемен број на клицоносители;
- Неотстранети клицоносители како потенцијален ризик за појава на интрахоспитални инфекции;
- Зголемен број на незаштитени патници;
- Зголемен број на импортирани заразни болести;
- Ненавремено постапување по претставки, пријави, жалби;

❖ Сложеност на инспекцискиот надзор

Во зависност од бројот на субјектите кои се предмет на надзор, обемот на прописите кои се предмет на надзор, времето потребно за вршењето на надзорот, висината на глобата која може да се изрече за недостатоците утврдени при надзорот, со интерен акт,во ДСЗИ се пропишани пет коефициенти на сложеност на надзори. Критериумите за утврдување на коефициентот на сложеност, вклучуваат:

- Број на субјекти на надзор,
- Број на прописи,
- Време потребно за надзор,
- Висина на глоба,

Врз основа на овие критериуми определени се следните степени на сложеност, по категорија на објекти:

- Прв степен на сложеност Q1 – вредност 10
- Втор степен на сложеност Q2 – вредност 20
- Трет степен на сложеност Q3 – вредност 30
- Четврт степен на сложеност Q4 – вредност 40
- Петти степен на сложеност Q5– вредност 50

Во следната табела се дадени субјектите на надзор по области на надзор и по степен на сложеност:

| Област на надзор | Степен на сложеност на надзорот |
|---|---|
| ЗДРАВСТВО | |
| Јавни здравствени установи /приватни здравствени установи | |
| Болнички здравствени установи од секундарно и терциерно ниво(универитетски клиники, општи болници, специјални болници и клинички болници) | Q5 |
| Здравствени домови | Q4 |
| Институти | Q4 |
| Установа за трансфузиона медицина | Q5 |
| Геронтолошки завод | Q4 |
| Центри за јавно здравје/ Институт за јавно здравје | Q4 |
| Општи и специјалистички ординации(ординации по општа медицина, ординации за општа стоматологија, специјалистички ординации, специајлистички стоматолошки ординации, дијагностички лаборатории лаборатории, поликлиники од примарно и секундарно здравство) | Q4 |
| Центри за дијализа | Q4 |
| Аптеки | Q3 |
| СОЦИЈАЛНИ И ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ | |
| Образовни установи (основни училишта, средни, ичилишни домови, факултети) | Q3 |
| Детски установи(градинки, детски домови, детски летувалишта) | Q3 |
| Старски домови | Q3 |
| УГОСТИТЕЛСТВО | |
| Сместувачки капацитети (хотели, кампови) | Q3 |
| Базени/водени паркови | Q2 |
| Рекреативни центри | Q3 |
| ОБЈЕКТИ ЗА ХИГИЕНСКА НЕГА НА НАСЕЛЕНИЕТО | |
| Козметички салони | Q2 |
| Фризерски и берберски студија | Q2 |
| Фитнес сали и друг вид објекти за нега на тело | Q3 |
| ЕПИДЕМИОЛОГИЈА | |
| надзор над патници во меѓународен сообраќај | Q5 |
| Акутно труење од храна | Q5 |
| Надзори во комунални претпријатија | Q3 |
| ПРЕТСТАВКИ | |
| Постапување по претставки во здравство | Q5 |
| Претставки од други области | Q4 |
| КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ, ДЕТСКИ ИГРАЧКИ И ПРЕДМЕТИ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | |
| Производство на козметички производи/дестски играчки/ предмети за општа употреба | Q4 |
| Промет на козметички производи / детски играчки/ предмети за општа употреба | Q3 |

| ОСТАНАТО | |
|---|---|
| Други надзори од координирани акции | Q4 |
| Надзори по барање на странка | Q 4 |

- Идентификување субјекти на инспекциски надзор

Субјектите за надзор од страна на ДСЗИ се утврдени согласно дадените законски надлежности по кои постапува ДСЗИ.

Идентификувањето на субјектите во однос на вршењето на надзор се прави согласно утврдените ризици и можноста на појава на настани кои би биле од значење за јавното здравје пред се, појава на заразни болести и епидемии, интрахоспитални инфекции, несоодветни санитарно-хигиенски услови особено во здравствените установи и други објекти во надлежност на ДСЗИ, појава на небезбедни производи во промет и производство, небезбедни површински води и води за капење.

Поединечните субјекти на надзор ќе се идентификуваат во месечните планови за работа на секој инспектор.

Критериумите за одбирањето на субјектите за редовни и контролни инспекциски надзори, произлегуваат од законските барања, со кои се регулирани посебните области, а особено во областите здравство и образование, каде надзорите се редовни во сите здравствени установи и училишта, на одреден период, но и вонредни, во исклучителни ситуации, при појава на одредени настани од јавно здравствен интерес, за сочувување на јавното здравје во државата и епидемиолошката состојба на потребно ниво.

Во однос на вонредните инспекциски надзори и идентификувањето на субјектите за таквите надзори, клучен критериум е епидемиолошката состојба во државата, со оглед на фактот што најголем број на вонредните надзори се во областите здравство, образование и социјални установи.

Во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, на ниво на подрачно одделение, изработени се детални регистри на субјектите на надзор по области  и тоа; област здравство со вкупно 2879 објекти; област образование со вкупно 708 објекти; област производство и промет на козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба 301 објект; угостителски објекти 289; објекти за хигиенска нега 481 и 542 објекти- магацини за складирање на производи од увоз чија контрола е во надлежност од ДСЗИ. Овие регистри се од исклучителна важност за планирањето на инспекциските надзори кои ги спроведува ДСЗИ. Во текот на наредната година регистрите ќе бидат ревидирани.

❖ План на минимални квантитативни цели

На следната табела се дадени бројот на очекуваните откриени неправилности по ризични подрачја, степен на сложеност на инспекцискиот надзор, по организациони единици во инспекторатот, по квартали и на годишно ниво, а истите подлежат на добивање на решенија, едукации, мандатно казнување, прекршочна и кривична одговорност.

| Ризични области | ПО | Вкупно неправилности | Вид надзор | | | Q Коефициент на сложеност | | | | | Квартал | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Здравство,образование, соц. останато | | | Р | В | К | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Q5 | I | II | III | IV |
| | Центар | 90 | 67 | 20 | 3 | | | | | | 25 | 20 | 25 | 20 |
| | Карпош | 40 | 30 | 6 | 4 | | | | | | 12 | 8 | 12 | 8 |
| | К.Вода | 86 | 53 | 25 | 8 | | | | | | 23 | 20 | 23 | 20 |
| | Г. Баба | 50 | 32 | 13 | 5 | | | | | | 15 | 10 | 15 | 10 |
| | Чаир | 40 | 30 | 6 | 4 | | | | | | 12 | 8 | 12 | 8 |
| | Куманово | 70 | 50 | 15 | 5 | | | | | | 20 | 15 | 20 | 15 |
| | Охрид | 96 | 70 | 18 | 8 | | | | | | 25 | 23 | 25 | 23 |
| | Велес | 34 | 26 | 6 | 2 | | | | | | 10 | 7 | 10 | 7 |
| | Штип | 130 | 96 | 25 | 9 | | | | | | 35 | 30 | 35 | 30 |
| | Прилеп | | | | | | | | | | | | | |
| | Гевгелија | 36 | 24 | 8 | 4 | | | | | | 10 | 8 | 10 | 8 |
| | Битола | 74 | 50 | 18 | 6 | | | | | | 19 | 18 | 18 | 19 |
| | Тетово | 60 | 40 | 17 | 3 | | | | | | 18 | 12 | 18 | 12 |
| | Гостивар | 60 | 40 | 17 | 3 | | | | | | 18 | 12 | 18 | 12 |
| | Струмица | 90 | 67 | 20 | 3 | | | | | | 25 | 20 | 25 | 20 |
| | Гран.надзор | 150 | 100 | 35 | 15 | | | | | | 45 | 30 | 45 | 30 |
| | Вкупно | 1106 | 775 | 249 | 82 | | | | | | 312 | 241 | 312 | 241 |

❖ Точки изложени на ризик

Дефинирањето на ризичните точки е направено врз основа на извршената проценка на ризик и претпоставките во сите области кои се во надлежност на ДСЗИ и тоа пред се во однос на обемноста на постоечките законски прописи, особено делот од

прописите кои се однесуваат на областа здравство, честите измени и дополнувања на овие прописи што го отежнува следењето на истите и постапувањето по нив, потоа секако и непостоење на прописи/правилници кои попрецизно ја регулираат постапката за одредени сегменти од областите во надлежност на ДСЗИ, слаба координираност со други надлежни органи и министерства во случај на потреба од заеднички надзор, поделеност на надлежности и слично.

Во оваа смисла од посебна важност се Процедурите за инспекциски надзор кои се ИСО стандардизирани (ИСО 9001:2008), и по кои инспекторите се должни да постапуваат при надзорот, вклучувајќи ги:

- Процедура за инспекциски надзор;
- Процедура за граничен инспекциски надзор;
- Процедура за контрола на патници во меѓународен сообраќај;

Утврдените ризични точки се дадени на следната Табела:

| Подрачје на ризик | Точки на ризик | | |
|---|---|---|---|
| | Акти | Постапки | Процедура за инспекциски надзор |
| Здравствени установи од сите нивоа на здравствена заштита во јавно и приватно здравство | -Обемност на прописи<br>-Чести измени на Законот за здравствена заштита,<br>Голем број на подзаконски акти од сите закони од областа на здравството | -познавање на прописите од областа на здравството со исте измени и дополнувања,<br>-Координација со МЗ,<br>-Преклопување на надлежности со ФЗОМ, контролори од МЗ | Несоодветна подготовка за надзорот;<br>Не извршување на целосен надзор, односно не утврдување на правилна фактичка состојба;<br>Не изготвување на записник, или изготвување на нецелосен записник;<br>Не применување на сите прописи кои се релевантни при надзорот;<br>Не евидентирање на сите недостатоци при надзорот;<br>Не изготвување на заклучок во текот на постапката, доколку се појави потреба од тоа;<br>Не изрекување на соодветни инспекциски мерки;<br>Не изрекување на мандатни казни;<br>Не спроведување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | прекршочните постапки до крај;<br>Не водење на евиденција за извршената работа; |
| Образование, социјални устан., детски градинки | Немање на прописи за општи санитарно-хигиенски услови | - Не постоење на координација и соработка со МОН,<br>- локална власт | Не постапување согласно процедурата за инспекциски надзор |
| Угостителство – сместувачки објекти | Немање на прописи за општи санитарно-хигиенски услови | Поделеност на надлежности со Агенција за храна | Не постапување согласно процедурата за инспекциски надзор |
| Објекти за пружање на хигиенска нега | Немање на прописи за општи санитарно-хигиенски услови | | Не постапување согласно процедурата за инспекциски надзор |
| Рекреативни центри | Немање на прописи за општи санитарно-хигиенски услови | | Не постапување согласно процедурата за инспекциски надзор |
| Објекти за промет и производство на козметички производи | Потреба од донесување на нови законски решенија (усогласување со нови ЕУ прописи) | | Не постапување согласно процедурата за инспекциски надзор и процедурата за земање на мостри |
| Објекти за производство и промет на предмети за општа употреба, детски играчки, сретства за одржување на хигиена | Потреба од донесување на нови законски решенија (постоечките прописи се стари од СФРЈ) | | Не постапување согласно процедурата за инспекциски надзор и процедурата за земање на мостри |
| Пренос, прекоп и закоп на умрени лица | | Ургентност на постапките | Не излегување на терен на инспекторот од разни причини, не постапување согласно интерното упатство |

❖ Нови мерки за поддршка на реализација на програмата

Реализацијата на Годишната Програма ќе биде поддржана од неколку мерки, вклучувајќи ги следните:

- Подигнување на капацитетите на инспекторатот во однос на кадровската екипираност, просторот, опремата, возила, ИТ опремата, вклучително и софтверски решенија за водењето на регистри, евиденции, извештаи и други логистички активности како и мрежно поврзување на целиот Инспекторат.
- Поголемо ангажирање на Инспекцискиот Совет за обезбедување на средства за континуирана едукација на инспекторите во однос на сите новини во легислативата од надлежност.

❖ Начин на следење и оценување на реализацијата

Следењето и оценувањето на реализацијата на Годишната Програма ќе се врши од страна на одговорните лица во Инспекторатот и тоа со континуирано следење на реализацијата на месечните, кварталните и годишните планови за работа на секој инспектор поединечно, како и на збирните извештаи кои се резултат на работата и на реализирањето на плановите за работа.

Индикатори за успешната реализација ќе бидат состојбите во однос на наведените подрачја на надзор, идентификуваните ризици во сите субјекти на надзор од надлежност на инспекторатот.

❖ Завршен дел

Надлежности за постапување и спроведување на програмата

Надлежноста за спроведување на Годишната Програма е поделена кај сите вработени на ДСЗИ, почнувајќи од директорот, преку главниот инспектор, раководителите на сектори, вишите инспектори и раководителите на одделенија, советниците инспектори и другиот персонал. Програмата ќе се спроведува главно на терен.

- Надлежен за предлагање и донесување на измени или дополнување на донесената Годишната Програма е директорот на инспекторатот. Измената и дополнувањето на Програмата се врши на ист начин како и донесувањето на Годишната Програма.

- Надлежен за следење на спроведувањето на Годишната Програма е директорот на инспекторатот.

- Надлеженза анализирање и периодично оценување и информирање на раководството за статусот на реализацијата на Годишната Програма е директорот на инспекторатот.

- Запознавањето на вработените,вклучително и вработените во подрачните одделенија, се врши на годишниот состанок на инспекторатот, кој редовно се одржува во месец декември секоја година.Годишната Програма ќе биде доставена поединечно на секој инспектор и на секој вработенво ДСЗИ.

- Одговорноста за постапување спротивно на Годишната Програма е на директорот на инспекторатот, согласно Законот за инспекциски надзор.

- Предлог Годишната Програма за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат стапува во сила во рок од 7 дена по добивање на позитивно мислење од страна на Инспекцискиот Совет.

**Подготвил:**
д-р Лилјана Коцева
Артан Шукриу

Арх.бр. 08 - 1704/1
Скопје, септември 2018 година

д-р Иринка Сотирова Бухова
Директор на ДСЗИ

**Доставено до:**

- Инспекциски Совет
- Архива

**Прилог бр. 1**

- Закони од надлежноста на ДСЗИ

**Прилог бр. 2**

- Органограм на ДСЗИ

Прилог бр. 1 - Закони од надлежноста на ДСЗИ

| Ред.бр. | Име на законот |
|---|---|
| 1. | Закон за здравствена заштита (Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 101/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 93/2017<br>Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 59/2012 од 24 април 2013 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/2013 и У. бр. 69/2012 од 11 јуни 2014 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/2014. |
| 2. | Закон за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006, 139/2008, 88/2010, 18/2011, 53/2011, 164/2013, 43/2014, 144/2014, 51/2015, 150/2015, 37/2016 и 83/2018). |
| 3. | Закон за заштитата на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 94/2010 од 8 јуни 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/2011. |
| 4. | Закон за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/2011, 136/2011, 91/2013, 164/2013, 27/2014, 112/2014, 144/2014, 124/2015, 149/2015 и 37/2016)<br>Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014). |
| 5. | Закон за прекинување на бременоста („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2013, 164/2013, 144/2014 и 149/2015). Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014) |
| 6. | Закон за евиденции во областа на здравството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2009, 53/2011, 164/2013 и 150/2015). |
| 7. | Закон за безбедност во снабдување со крв („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2007, 164/2013, 144/2014 и 150/2015). |
| 8. | Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016, 11/2018, 83/2018 и 120/2018). |
| 9. | Закон за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016). |

| | |
|---|---|
| | Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 85/2000 од 22.11.2000 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 104/2000; У. бр. 173/2000 од 04.04.2001 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2001; У. бр. 37/2001 од 06.06.2001 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 48/2001; У. бр. 60/2006 од 03.10.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 109/2006; У. бр. 40/2007 од 04.07.2007 година и У. бр. 167/2006 од 27.06.2007 година, објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2007; У. бр. 45/2006 од 11.07.2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 106/2007; У. бр. 199/2008 од 18.03.2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 45/2009; У. бр. 109/2009 и У. бр. 185/2009 од 27 јануари 2010 година, објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 14/2010 и У. бр. 112/2011 од 16 ноември 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 166/2011. Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/2008). Закон за доброволно здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2012). |
| 10. | Закон за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/1995; 70/2003; 29/2004; 37/2005; 103/2008; 140/2008; 35/2010; 100/2011 и 157/2013). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 39/2006 од 06 јуни 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2007. |
| 11. | Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015 и 39/2016). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 151/2005 и 233/2005 од 21.06.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2006, У. бр. 154/2005 од 13.09.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2006, У. бр. 152/2005 од 28.09.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 109/2006 и У. бр. 146/2009 од 23 декември 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 1/2010. Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/2009). |
| 12. | Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016). |
| 13. | Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/2011, 54/2011, 163/2013, 10/2015, 147/2015 и 31/2016). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 199/2005 од 24 јануари 2007 година објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2007. Закон за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2011). |
| 14. | Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004, 92/2007, 35/2010, 47/2011, 59/2012, 163/2013, 10/2015 и 146/2015). |
| 15. | Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2007, 124/2010, 47/2011, 163/2013 и 146/2015). |
| 16. | Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" бр. |

| | |
|---|---|
| | 68/2004; 71/2004; 107/2007; 102/2008; 143/2008; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 147/2013; 163/2013; 51/2015; 146/2015; 156/2015; 192/2015; 39/2016 и 63/2016). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 171/2008 од 24 јуни 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2009. Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2010). Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012). Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014). |
| 17. | Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2004, 77/2007, 103/2008, 24/2011, 164/2013, 97/2015, 152/2015 и 140/2018). Закон за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2006). |
| 18. | Закон за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2006; 63/2007; 24/2011; 51/2011; 148/2011; 164/2013; 152/2015, 53/2016 и 140/2018). |
| 19. | Закон за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба Закон за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба<br>(„Службен лист на СФРЈ“ бр.53/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.15/1995). Закон за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/2002). Закон за безбедност на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2007). |
| 20. | Закон за ментално здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006 и 150/2015). |
| 21. | Закон за безбедност на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија бр. 55/2007, 47/2011 и 150/2015). |
| 22. | Закон за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/2004, 40/2007, 53/2011, 149/2015 и 37/2016). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 181/2007 од 7 мај 2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2008. |
| 23. | Закон за надзор над пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010 и 79/2013). |
| 24. | Закон за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/2010, 136/2011, 144/2014, 149/2015 и 37/2016). |
| 25. | Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување (Сл.весник на РМ бр.37/08 и 164/13, 149/14, 192/15, 37/16) |
| 26. | Закон за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/2008, 156/2010, 53/2011, 163/2013, 152/2015 и 31/2016). |
| 27. | Закон за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2008, 12/2009, 53/2011 и 150/2015). |
| 28. | Закон за постапување по преставки и предлози (Сл.весник на РМ бр. 82/08 и 13/13)<br>Одлука на уставен суд бр. 169/08(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2008, 13/2013, 156/2015 и 193/2015). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 169/2008 од 15.04.2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2009 |

| | |
|---|---|
| 29. | Закон за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр. 124/15) |
| 30. | Закон за прекршоците Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 87/2015 од 9 ноември 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 211/2016 |
| 31. | Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ бр.103/08, 164/13)(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 124/2010, 164/2013, 149/2015, 37/2016, 53/2016 и 193/2017). |
| 32. | Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015 и 30/2016). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 255/2009 од 7 јули 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2010; У. бр. 160/2010 од 29 јуни 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 93/2011 и У. бр. 213/2011 од 2 мај 2012 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2012, 27/2018 |
| 33. | Закон за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 163/2013 и 146/2015). |
| 34. | Закон за медицински студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2013, 39/2014, 144/2014 и 150/2015). |
| 35. | Закон за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2015, 39/2016 и 83/2018). |

Прилог бр. 2 – Органограм на ДСЗИ

